Република Македонија
**Министерство за образование и наука**

Проректор Горгиева
12.12.16

[redacted]

| | |
|---|---|
| Архивски знак. | 1007 |
| Рок на чување. | 1 |
| 20 18 год. | |
| Потпис, | |

Министерство за образование и наука

Бр. 17-15919/1
23.11.2016 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ДО
Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"
-Скопје-

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: 12-12-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един | Број | Прилог: | Вредност: |
| 10 | 964/1 | | |

**ПРЕДМЕТ:** Конкурс за партиципација на високообразовни установи во CEEPUS мрежите за академксата 2017/2018 година

Почитувани,

Националната CEEPUS канцеларија при Министерството за образование и наука на Република Македонија, Ве информира за можноста да партиципирате кон Централно-европската програма за размена во областа на универзитетски студии.

CEEPUS (Central European Exchange Program for University Studies - Централно европската програма за размена во областа на универзитетски студии) е една од најреномираните програми за поддршка и поттикнување на соработка помеѓу земјите од Централна и Југоисточна Европа во областа на високото образование.

Националната CEEPUS канцеларија на Република Македонија е формирана во 2006 година и има за обврска да ги реализира следните активности:

1. Обезбедување стипендии за мобилност на студенти и академски кадри вклучени во CEEPUS мрежите, учество на курсеви за изучување на јазици, студентски екскурзии;
2. Промовирање и развој на универзитетски мрежи.

Соработката во мрежите овозможува заедничко користење на ресурсите, вклучувајќи ги и човечките ресурси. За

Република Македонија
**Министерство за образование и наука**

разлика од другите програми CEEPUS програмата не бара дефинирање на приоритетите, така што соработката е возможна во сите академски области.

Во рамките на мрежите, CEEPUS програмата нуди можности за заеднички студиски програми и заеднички дипломи (Joint Degree).

Покрај примарната цел, мобилност на студенти, оваа програма нуди можности и за мобилност на наставниот кадар.

Се со цел зајакнување на меѓународната соработка на високообразовните институции и промовирање на мобилност на студенти и професори, Ве покануваме да се вклучите во активностите на CEEPUS програмата и како високообразовна институција да дадете Ваш продинес во процесот на воспоставување на единствеиот европски простор на високото образование.

Во прилог, Ви го доставуваме Конкурсот за партиципација на високообразовни установи во CEEPUS мрежите за академската 2017/2018 година.

Крајниот рок за аплицирање е 15 јануари 2017 година

Аплицирањето е online на официјалната веб страна на CEEPUS програмата: www.ceepus.info.

За подетални информации обратете се во Националната CEEPUS канцеларија при Министерството за образование и наука на тел: 02/3140185 или e-mail: olga.dukovska@mon.gov.mk.

Со почит,

Министер
Pishtar Lutfiu

изготвил: Олга Дуковска-Атов
прегледал: Станка Петковска
одобрил: Бардил Туши

Министерство за образование и наука

Бр. ______
2 ______ год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 3 СКОПЈЕ